Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-106
08.05.2025 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии,
буџет / Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Анализирајќи ги потребите и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со задоволство Ве поканува на работилницата:

**„АКТУЕЛНИ ТЕМИ ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР“**

која ќе се одржи во периодот од 21 до 23 мај 2025 година во **хотел „Дрим“ Струга.** Почетокот на работилницата е закажан за 21 мај 2025 година во 12.00 часот.

**Здружението на финансиските работници е акредитирано од ИСОС за одржување на КПУ работилници. Дел од темите во Агендата се КПУ акредитирани, за што дополнително ќе бидете информирани и ќе биде прецизно наведено во Програмата за континуирано професионално усовршување (Агендата за работилницата).**

Работилницата претставува одлична можност заедно со обезбедените квалитетни експерти - практичари:

- **дипл.екон. Бранислав Гулев** – експерт / практичар со повеќегодишно практично искуство од областа на финансиското работење; ревизијата; МСС; МСФИ
- **дипл. екон. Снежана Митревска** – експертка/практичарка со повеќегодишно практично искуство во областа на финансиското работење;
- **дипл. прав. Сања Танева** - експертка/ практичарка со повеќегодишно практично искуство во областа на правото,

за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно работење во повеќе области во јавниот сектор, а особено во областа на финансиите; ревизијата; правото; управувањето со човечките ресурси.

Во текот на работилницата ќе бидат разработени следните теми и области:

- **Измени на законска регулатива**
- **Примена на одлуки од Владата на РСМ за времени и трајно користење на ствари**
- **Даночен третман на расходувани средства кај буџетски корисници и јавни претпријатија**
- **Евидентирање на обврски и навремено измирување**
- **Даночен третман на кусоци и отпис на побарувања од физички лица**
- **Репрезентација од даночен аспект и користење на кредитни картички кај буџетски корисници и општини**
- **Волонтерство и договор за дело**
- **Менаџирање со постојани средства кај буџетски корисници**
- **Признавање на приходи кај јавни претпријатија**
- **Планирање на приходи кај општини и следење на нивна наплата**

- **Закон за работни односи (законски и подзаконски акти)**
- **Закон за облигациони односи**
- **Право на Годишен одмор**
- **Регрес за Годишен одмор**
- **Плата и надоместоци на плата согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор**
- **Годишен план за вработување во Јавниот сектор и Извештај за негова реализација**

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали и кафе пауза по учесник изнесува само **7.500 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител** согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи **ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ** согласно со акредитираните теми и времетраењето на истите опфатени со Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагоден во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

**Транспортот, сместувањето и оброците се на товар на учесниците.**

**За учество на работилницата потребно е да направите:**

- **Пријавување за работилницата во Здружението на финансиските работници најдоцна до 19.05.2025 година.** Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот: Пријава за учество на работилницата е поставен на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.
- **Резервирање на сместување:** Заинтересираните учесници потребно е благовремено да извршат резервација за сместување и користење на хотелски услуги во **хотел „Дрим“ – Струга**, на тел.: 070/347-269 и email: sales@drim.com.mk **Резервациите во хотел „Дрим“ – Струга ќе се извршуваат по принцип: „Прв пријавен – потврден – услужен“.**

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија
ВЕЛЕС
2